РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. ________
________ год.

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на известување во однос на тоа дали службено лице вработено во Државниот архив на Република Северна Македонија како раководител на одделение за средување и обработка на архивскиот материјал – нов период, е опфатен со член 3 став 2 од Законот за спречување судир на интереси и дали истото лице имало обврска согласно одредбите од истиот закон да поднесе образец Изјава за интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издаде следново:

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 3 став 2 од Законот за спречување судир на интереси, кој престана да важи со влегување во сила на Законот спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), наведеното лице вработено во Државниот архив на Република Северна Македонија како раководител на одделение за средување и обработка на архивскиот материјал – нов период, во период од 24.12.2013 година до 05.01.2017 година, претставува службено лице, односно е опфатен со наведениот член од Законот за спречување судир на интереси.

Исто така, согласно член 20-б од Законот за спречување судир на интереси истото лице било должно да поднесе образец Изјава за интереси во органот каде бил вработен.

Односно, согласно член 20-б од Законот за спречување судир на интереси:

„Државните службеници и вработените во органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт утврдени со закон, како и лица вработени преку агенции за привремено вработување со овластување, **во рок од 30 дена се должни да поднесат изјава за постоење или непостоење на судир на интереси во органите во кои ги извршуваат нивните должности, односно во кои се вработени**.“.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk